ГРАД СКОПЈЕ

**ПРЕДЛАГАЧ:**
**Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование**

**ПРЕТСТАВНИК: Помошник раководител за образование**

**ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за образование**

# ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА
## за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2024/2025 година во средните училишта на Град Скопје

Скопје, август 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 28, став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20), Советот на Град Скопје на _________ седница, одржана на _____ 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2024/2025 година во средните училишта на Град Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност за формирање на 96 паралелки со помал број на ученици од законски утврдениот минимум за учебната 2024/2025 година во 19 средни училишта на Град Скопје, и тоа:

1. **СУГС АСУЦ „Боро Петрушевски“**

- една паралелка во образовен профил техничар за патен сообраќај во сообраќајна струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 13 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за транспорт и шпедиција во сообраќајна струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 9 ученици;
- една комбинирана паралелка во образовните профили техничар за патен сообраќај/техничар за транспорт и шпедиција во сообраќајна струка, четиригодишно образование, на албански наставен јазик со 11 ученици;
- една паралелка во образовен профил машински техничар за моторни возила во машинска струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 20 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за возила со алтернативен погон во машинска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 16 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за возила со алтернативен погон во машинска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 16 ученици;
- една паралелка во образовен профил машински техничар за моторни возила во машинска струка, четиригодишно образование на албански наставен јазик со 16 ученици;
- една паралелка во образовен профил автомеханичар во машинска струка, тригодишно образование на македонски наставен јазик со 17 ученици;
- една паралелка во образовен профил возач на моторни возила во сообраќајна струка, тригодишно образование (паралелка со зголемен број

на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 10 ученици

- една комбинирана паралелка во образовните профили автоелектроничар/ монтер на мотори и моторни возила во машинска струка, тригодишно образование, на македонски наставен јазик со 11 ученици;
- една паралелка во образовен профил каросериски механичар, од машинска струка, тригодишно образование на албански наставен јазик со 5 ученици;

2. **СУГС „Јосип Броз-Тито“**

- 46 ученици во две паралелки гимназиско образование, на турски наставен јазик.

3. **СУГС „Марија Кири-Склодовска“**

- една паралелка за образовниот профил болничар - негувател од здравствена струка, тригодишно образование, на македонски наставен јазик со 18 ученици;
- една паралелка за образовниот профил техничар за козметички и хемиски производи, од хемиско - технолошка струка, четиригодишно образование на албански наставен јазик со 21 ученик;
- една паралелка за образовниот профил техничар за заштита на животна средина, од хемиско - технолошка струка, четиригодишно образование на албански наставен јазик со 19 ученици;
- една паралелка за образовниот профил болничар - негувател, од здравствена струка, тригодишно образование, на албански наставен јазик со 13 ученици.

4. **СУГС „Панче Арсовски“**

- една паралелка во гимназиско образование на македонски наставен јазик (билингвална македонско-англиска) со 12 ученици;
- 33 ученици во две паралелки во гимназиско образование на македонски наставен јазик.

5. **СУГС „Лазар Танев“**

- една паралелка во образовен профил хотелско - туристички техничар од угостителско - туристичка струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик, со 11 ученици;
- една паралелка во образовен профил угостителски техничар, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 15 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за настани и анимации / хотелско - ресторантски техничар, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 12 ученици;
- 70 ученици во три паралелки во образовен профил готвач, тригодишно образование, на македонски наставен јазик;

- една комбинирана паралелка во образовните профили келнер/слаткар од угостителско - туристичка струка, тригодишно образование, на македонски наставен јазик со 15 ученици;
- една комбинирана паралелка во образовните профили пекар/месар од хемиско - технолошка струка, тригодишно образование, на македонски наставен јазик со 5 ученици.

6. **СУГС „Шаип Јусуф“**

- една паралелка во образовен профил медицинска сестра од здравствена струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 18 ученици;
- една паралелка во образовен профил бизнис администратор, од економско - правна и трговска струка, четиригодишно траење на образованието, на македонски наставен јазик со 23 ученици;
- една паралелка во образовен профил келнер, од угостителско - туристичка струка, тригодишно траење на образованието, на македонски наставен јазик со 13 ученици;
- една паралелка во образовен профил референт за продажба – продавач, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) , на македонски наставен јазик со 20 ученици;
- една паралелка во образовен профил градежен техничар од градежно - геодетска струка, четиригодишно траење на образованието, на македонски наставен јазик со 20 ученици.

7. **СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“**

- една паралелка во образовен профил гинеколошко - акушерска сестра, од здравствена струка, на македонски наставен јазик, со 10 ученици.

8. **СЕТУГС „Михајло Пупин“**

- една паралелка во образовен профил електротехничар за електроника и телекомуникации, од електротехничка струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 19 ученици;
- една паралелка во образовен профил електротехничар за електроника и телекомуникации, од електротехничка струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 18 ученици;
- една паралелка во образовен профил електротехничар - енергетичар, од електротехничка струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 18 ученици;
- една паралелка во образовен профил електротехничар - енергетичар, од електротехничка струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 17 ученици;
- една паралелка во образовен профил електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи, од електротехничка струка, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 18 ученици.

9. **СУГС „Браќа Миладиновци“**

- една паралелка за образовен профил техничар за ветеринарна медицина, од земјоделско - ветеринарна струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 14 ученици;
- една комбинирана паралелка за образовните профили агротехничар / техничар за фитомедицина од земјоделско - ветеринарна струка, четиригодишно стручно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 11 ученици;
- една паралелка во образовните профили техничар за ветеринарна медицина / агротехничар од земјоделско - ветеринарна струка, четиригодишно стручно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 8 ученици;
- една паралелка за образовен профил техничар за фитомедицина/техничар за агроменаџмент, од земјоделско - ветеринарна струка, четиригодишно стручно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 5 ученици.

10. **СУГС „Димитар Влахов“**

- една паралелка во образовен профил естетичар за нега на раце и нозе од струка лични услуги, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 7 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за козметичка нега и убавина во струка лични услуги, четиригодишно образование, на албански наставен јазик со 15 ученици;
- две паралелки во образовен профил фризер во струка лични услуги на македонски наставен јазик (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) тригодишно образование со по 23 ученици;
- една паралелка во образовен профил фризер во струка лични услуги на македонски наставен јазик (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) тригодишно образование со 22 ученици;
- една паралелка во образовен профил фризер во струка лични услуги, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на турски наставен јазик со 6 ученици;
- една паралелка во образовен профил месопреработувач од хемиско – технолошка струка, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 6 ученици;
- една паралелка во образовен профил естетичар за нега на раце и нозе од струка лични услуги тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 15 ученици;
- една комбинирана паралелка во образовен профил графички уредник - дизајнер во графичка струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик вкупно со 13 ученици;

- една паралелка во образовен профил прехранбен техничар од хемиско – технолошка струка четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 10 ученици.

11. **СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“**

- една паралелка во образовен профил правен техничар (македонско - француска билингвална) на македонски наставен јазик со 15 ученици.

12. **СУГС „Владо Тасевски“**

- една паралелка во образовен профил техничар за транспорт и шпедиција, од сообраќајна струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 23 ученици;
- една паралелка во образовен профил машинско - енергетски техничар, од машинска струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 14 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за железнички сообраќај/техничар за влеча - машиновозач од сообраќајна струка, четиригодишно образование на македонски наставен јазик со 13 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за производно машинство од машинска струка, четиригодишно образование, на македонски наставен јазик со 7 ученици.

13. **СЕПУГС „Арсени Јовков“**

- една комбинирана паралелка во образовните профили економски техничар/ бизнис администратор од економско - правна и трговска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 5 ученици;
- една паралелка во образовен профил економски техничар од економско - правна и трговска струка, четиригодишно образование, на албански наставен јазик со 17 ученици;
- една паралелка во образовен профил економски техничар од економско - правна и трговска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 19 ученици;
- една паралелка во образовен профил бизнис администратор од економско-правна и трговска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 16 ученици;
- две паралелки во образовен профил правен техничар од економско - правна и трговска струка, четиригодишно образование, на албански наставен јазик со по 18 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за е - трговија и дигитален маркетинг од економско - правна и трговска струка, четиригодишно образование, на албански наставен јазик со 15 ученици.

## 14. СУГС „Георги Димитров“

- една паралелка во образовен профил техничар за пејзажен дизајн од шумарско – дрвопреработувачка струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 20 ученици;
- една паралелка во образовен профил столар од шумарско – дрвопреработувачка струка, тригодишно образование на македонски наставен јазик со 8 ученици.

## 15. СГГУГС „Здравко Цветковски“

- две паралелки во гимназиско образование на македонски наставен јазик со по 10 ученици;
- една паралелка во образовен профил градежен техничар од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 14 ученици;
- една паралелка во образовен профил градежен техничар од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 8 ученици;
- една паралелка во образовен профил геодетски техничар од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 7 ученици;
- една паралелка во образовен профил архитектонски техничар од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование на албански наставен јазик со 18 ученици;
- една паралелка во образовен профил архитектонски техничар од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование на албански наставен јазик со 19 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар дизајнер за внатрешна архитектура од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование, на албански наставен јазик со 16 ученици;
- една паралелка во образовен профил геодетски техничар од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 13 ученици;
- 68 ученици во три паралелки во образовен профил техничар дизајнер за внатрешна архитектура од градежно – геодетска струка, четиригодишно образование на македонски наставен јазик;
- една паралелка во образовен профил монтер за сува градба од градежно – геодетска струка, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 12 ученици;
- една паралелка во образовен профил поставувач на подови и плочки од градежно – геодетска струка, тригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 14 ученици;

16. СУГС ЕМУЦ „8 Септември“

- една паралелка во образовен профил техничар за компјутерско управување / машински техничар / машинско енергетски техничар / машински техничар за моторни возила од машинска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на албански наставен јазик со 10 ученици;
- една паралелка во образовен профил електротехничар за електроника и телекомуникации / електротехничар за компјутерска техника и автоматика од електротехничка струка на албански наставен јазик со 18 ученици;
- една паралелка во образовен профил заварувач/обработувач на метал/инсталатер на водови цевки / инсталатер за греење и климатизација од машинска струка тригодишно образование на албански наставен јазик, со 10 ученици.

17. СУГС „Кочо Рацин“

- една паралелка во гимназиско образование на македонски наставен јазик со 10 ученици;
- една паралелка во образовен профил економски техничар од економско-правна и трговска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава), на македонски наставен јазик со 10 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за е - трговија и дигитален маркетинг од економско-правна и трговска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 13 ученици;
- една паралелка во образовен профил техничар за изработка на облека од текстилно кожарска струка, четиригодишно образование (паралелка со зголемен број на часови по практична настава) на македонски наставен јазик со 15 ученици;
- една паралелка во образовен профил конфекционер од текстилно-кожарска струка, тригодишно образование на македонски наставен јазик со 7 ученици;
- една паралелка во образовен профил деловен асистент администратор, од економско - правна и трговска струка, тригодишно образование на македонски наставен јазик со 8 ученици.

18. СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“

- една паралелка гимназиско образование, на македонски наставен јазик билингвална (македонско – француска) со 8 ученици;
- една паралелка гимназиско образование, на македонски наставен јазик (со 6 часа неделен фонд германски јазик) со 21 ученик;
- 42 ученици во две паралелки гимназиско образование, на македонски наставен јазик.

**19. СУГС „Цветан Димов“**

- една паралелка во образовен профил економски техничар од економско - правна и трговска струка на турски наставен јазик, со 15 ученици;
- една паралелка во образовен профил медицинска сестра од здравствена струка на турски наставен јазик, со 16 ученици.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR,
Д-р Трајко Славевски

Број _______________
_____________2024 година
С к о п ј е

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје да одлучува.

Во член 28, став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) е определено дека бројот на учениците во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици. Во истиот член, став 4, утврдено е дека паралелка може да се формира и со помал број на ученици од законски утврдениот минимум, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството за образование и наука.

По завршување на роковите предвидени со Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година во Република Северна Македонија, средните училишта во кои имаше пријавени помалку од 25 ученици за паралелки предвидени со Конкурсот, согласно законот, доставија до Град Скопје барања за формирање паралелки со помал број на ученици.

Град Скопје, барањата со соодветни образложенија на средните училишта ги проследи до Министерството за образование и наука, со допис број 08-7843/2 од 10.07.2024 година (прилог број 1).

Министерството за образование и наука, како надлежна институција за спроведување на Конкурсот согласно член 42 од Законот за средното образование, се произнесе по однос на барањата на 19 средни училишта на Град Скопје.

Имено, Министерството за образование и наука даде позитивно мислење за формирање на 96 паралелки во 19 средни училишта на Град Скопје (Известување број 13-6887/1 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/15 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/4 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/13 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/12 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/11 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/3 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/17 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/2 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/9 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/19 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/16 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/8 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/18 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/6 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/10 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/5 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/14 од 19.07.2024 година, Известување број 13-6887/7 од 19.07.2024 година, Измена на доставена согласност број 13-7068/2 од 01.08.2024 година доставени од МОН, прилог бр. 2).

Имајќи го во предвид горенаведеното, **се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2024/2025 година во средните училишта на Град Скопје.**